Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 112/0306
02.03 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 февруари 2021 година, врз основа на примена жалба од Маја Јовановска, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Веб-порталот на „Слободен печат“, со текстот насловен „Останаа крвави траги: Се самоуби ковид пациент со скок од првиот кат на болницата „8 Септември“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 8.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 10 февруари 2021 година, новинарката Маја Јовановска поднесе жалба за текстот со наслов „Слободен печат“, со текстот насловен „Останаа крвави траги: Се самоуби ковид пациент со скок од првиот кат на болницата „8 Септември“, објавен на 10 февруари 2021 година на веб-порталот на „Слободен печат“ (www.slobodenpecat.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорениот текст има нарушување на приватноста и незаштитена малолетна публика. Жалителката упатува на прекршување на членот 7 од Кодексот на новинари, кој ги обврзува новинарите да ја почитуваат личната болка и жалост и на членот 8 од Кодексот, во делот дека известувањето за личните трагедии треба да биде ослободено од сензационализам.

Подносителката на жалбата, меѓу другото, дополнува дека, неколку часа по објавувањето на оспорениот текст, порталот ги отстранил фотографиите со крв од пациентот кој се самобил. Таа во прилог на жалбата достави и копии од првично објавените фотографии, кои се предмет на оваа претставка.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со порталот „Слободен печат“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредничката на медиумот, Марина Дамческа, одговори на наводите на жалбата. Таа појаснува дека спорните фотографии од капка крв на местото на самоубиството биле сменети кусо по објавувањето. Според неа, целта на објавените фотографии, насловот, текстот и на видеото била, како медиум, да го констатираат очигледниот превид на службите за хигиена, зашто се работело за фреквентно место кое не требало да наликува на сцена од хорор филм.

*„Понатаму, дали сликите се вознемирувачки (незаштитена малолетна публика) во денешно време одлучува Фејсбук и Јутјуб, со нивно блокирање кога ќе се појават на овие социјални мрежи, што не се случи овојпат, веста помина без цензура од ФБ. Што се однесува до малолетна публика, СП како медиум не лиферува никакви содржини за деца, а богами и децата од новиве генерации најмалку се интересираат за вести од Македонија“,* велат од „Слободен печат“ во одговорот на жалбата.

Дамческа, меѓу другото, не смета дека објавената содржина има сензационализам, бидејќи известувањето било во рамките на известувањето што го користеле и другите медиуми. Во однос на наводите на жалителката дека во содржината има нарушување на приватноста, таа вели дека нема отстапки ниту по ова прашање, зашто тие не го спомenале целото име и

презиме на починатото лице, туку само она што официјално било соопштено од МВР. Од „Слободен печат“ поднесената жалба ја сметаат како хајка кон нив.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите е прекршен во членот 8.

***Член 8:*** *„Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми“.*

Комисијата во оспорениот текст не најде доволно елементи дека во текстот има и нарушување на приватноста, ниту дека е прекршен членот 7 од Кодексот на новинарите, на кој упатува жалителката.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 февруари 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата утврди дека се работи за текст кој пренесува исклучително сензитивна информација за извршено самоубиство на пациент згрижен во Градската општа болница „8 Септември“. Содржината е од јавен интерес, зашто станува збор за пациент кој си го одзел животот во јавна здравствена установа, што самото по себе отвора многу прашања околу безбедноста и условите во болниците.

Членовите на Комисијата оценија дека самиот текст и видео извештајот се коректни и во согласност со етичките стандарди, што не може да се каже и за објавените фотографии во рамките на текстот, на кои се прикажани крвави траги од самоубиството на пациентот пред болницата. Став на Комисијата е дека објавувањето експлицитни фотографии, кои несомнено можат да ја вознемират јавноста и дополнително да ја зголемат болката на семејството на жртвата, не е оправдано.

Извештаите треба да водат сметка за семејството на жртвата, да не се зголемува нивната болка. Кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок – новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обѕир. Треба да се избегнува поттикнување на интересот кај јавноста за графички описи и детали за извршени злосторства или трагедии.

При известувањето за самоубиства онлајн медиумите ќе пристапуваат мошне внимателно, проценувајќи дали информирањето за настанот е од јавен интерес и избегнувајќи да објавуваат имиња, фотографии и детални описи на околностите под кои се случил настанот.

Медиумите треба да имаат предвид дека ранливите групи граѓани може да бидат под силно влијание на медиумските извештаи за самоубиства и, како последица на тоа, да посегнат по својот живот, повторувајќи го истото дело, а особено доколку медиумот детално, сензационалистички и експлицитно го опишува делото.

Комисијата цени дека ваквите фотографии би можеле да бидат оправдани и релевантни единствено доколку медиумот сакал да даде поинаков агол на содржината, во смислада алармира за неодговорноста и неажурноста на надлежните во болницата. Комисијата смета дека, во случајов, фотографиите имаат сосема поинаков контекст и дека нивното објавување не може да се протолкува поинаку освен како сензационализам.

Правото на јавноста да биде информирана не смее да биде оправдување на потребата од сензација.

Оттука, Комисијата најде дека во содржината на „Слободен печат“ е прекршен **членот 8** од Кодексот на новинарите, според кој начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализми.

Комисијата, на крајот, констатираше дека порталот „Слободен печат“ во меѓувреме ги отстранил трите спорни фотографии, што упатува на тоа дека медиумот веројатно ја воочил грешката. Во оваа насока, Комисијата ја поздравува подготвеноста на медиумите да ги препознаат и коригираат евентуалните пропусти во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува веб – изданието на весникот „Слободен печат“ (www.slobodenpecat.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595